**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп 1 бр. 08-138**
**08.01.2015 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 155, член 24, а во врска со член 154 став 2, член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), членовите 126 и 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, во врска со Јавниот повик за замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радио емитување бр.08-5978/1 од 04.12.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.180/14), а во согласност со Заклучокот бр.02-30/5 од 08.01.2015 година, на својата 1-ва седница одржана на 08.01.2015 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за престанок на важност
## на дозвола за вршење радиодифузна дејност

1. ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ ДОЗВОЛАТА за вршење радиодифузна дејност, бр.07-193 од 28.05.2013 година, доделена на Трговското радиодифузно друштво НОВА ДООЕЛ Куманово, согласно Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13).

2. Дозволата од точка 1 од оваа Одлука престанува да важи на 05.01.2015 година, рокот заклучно со кој Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 154 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги имаше обврска да изврши замена на постојните дозволи со нови дозволи за телевизиско или радио емитување, а за која замена радиодифузерот од точка 1 на оваа Одлука не поднесе пријава до Агенцијата.

3. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

Тужбата не го одлага извршувањето на оваа Одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 155 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), со денот на влегувањето во сила на овој Закон – 03.01.2014 година, престана да важи Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 6/10, 145/10, 97/11, 13/12 и 72/13).

Во врска со напред наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 154 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, имаше обврска по службена должност да изврши замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радио емитување во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на Директор на Агенцијата.

Агенцијата објави Јавен повик за замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радио емитување бр.08-5978/1 од 04.12.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.180/14), согласно кој крајниот рок за доставување на пријавите до Агенцијата беше до 15 декември 2014 година.

Трговското радиодифузно друштво НОВА ДООЕЛ Куманово, во утврдениот рок до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави пријава за замена на дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-193 од 28.05.2013 година со нова дозвола за телевизиско емитување согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со оглед на тоа, а имајќи предвид дека неговата дозвола е доделена врз основа на Законот за радиодифузната дејност, кој Закон согласно член 155 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – 03.01.2014 година, се утврди дека престанува да важи дозволата за вршење радиодифузна дејност, бр.07-193 од 28.05.2013 година на ТРД НОВА ДООЕЛ Куманово. Оваа дозвола престанува да важи на 05.01.2015 година, рокот заклучно кој Агенцијата согласно член 154 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги имаше обврска да изврши замена на постојните дозволи со нови дозволи за телевизиско или радио емитување, а за која замена ТРД НОВА ДООЕЛ Куманово не поднесе пријава до Агенцијата.

Следствено на напред наведеното, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 155, член 24, а во врска со член 154 став 2, член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), членовите 126 и 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, во врска со Јавниот повик за замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радио емитување бр.08-5978/1 од 04.12.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.180/14), а во согласност со Заклучокот бр.02-30/5 од 08.01.2015 година, на својата 1-ва седница одржана на 08.01.2015 година, донесе одлука како во диспозитивот, која е конечна и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа Одлука.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво НОВА ДООЕЛ Куманово;

- Секретаријатот на Агенцијата;
- Секторот за правни работи;
- Сектор за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста;
- Агенција за електронски комуникации;
- Централен регистар на Република Македонија;
- Назначено лице за водење на Уписникот за предметите по првостепена управна постапка во Агенцијата (Уп 1).